Сојуз за младинска работа
Ул. Емил Зола бр.3/3-1, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com
www.smr.org.mk

**Врз основа на член 31 и 32 од Статутот, Сојузот за младинска работа (СМР) распишува**

# ОГЛАС ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА АСИСТЕНТ ЗА ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Сојуз за младинска работа (СМР) ги повикува сите заинтересирани лица со претходно искуство од вршење административни задачи во здруженија на граѓани да се пријават на огласот за ангажирање на асистент за финансии и администрација, кој ќе би ангажиран за потребите на проектот "Improvement of socio-economic inclusion of disadvantaged youth through Youth Work", поддржан од ГИЗ Северна Македонија.

**Главни задачи на позицијата:**

- Ги следи и евидентира буџетските трошоци во рамки на проектот;
- Ги организира и архивира проектните документи;
- Обезбедува поддршка при подготовка на финансиски извештаи;
- Се грижи за проектната документација на СМР и по потреба комуницира со донаторот;
- Врши други работи поврзани со горенаведениот проект во согласност со Статутот на СМР и насоките од Генералниот секретар.

За својата работа, Асистентот за финансии и администрација е одговорен пред Генералниот секретар на СМР.

**Потребни знаења и вештини на кандидатот:**

Квалификации:

- Минимум завршено средно образование
- Минимум 10 години искуство во административни задачи во граѓански сектор
- Претходно искуство во реализација на најмалку два проекти поврзани со младинска работа

Карактеристики кои што ќе се сметаат за предност:

- Способност за самостојно организирање на работните задачи
- Комуникациски вештини
- Активно познавање на англиски јазик

**Услови за работа:**

Асистентот за администрација и финансии се ангажира како надворешен консултант на основа на најмногу три работни денови месечно во периодот од 24.07.2023 – 31.05.2024, или најмногу вкупно 33 дена. Согласно потребите, Асистентот ќе работи од дома или од канцеларија на една организациите членки на СМР. Асистентот се ангажира врз основа на договор за повремено вршење на услуги.

Сојуз за
младинска
работа

Сојуз за младинска работа
Ул. Емил Зола бр.3/3-1, Скопје
Smr.sojuz@gmail.com
www.smr.org.mk

**Рок и начин на пријавување:**

- Кратка биографија на кандидатот

Пријавите треба да се испратат на електронската адреса на СМР: **smr.sojuz@gmail.com**, најдоцна до 19 јули, 23:59 часот со назнака: **Пријава за асистент**. Процесот на селекција ќе биде комплетиран до 21 јули, а се очекува избраното лице да започне со работа веднаш. СМР го задржува правото да не избере никој од пријавените кандидати.

За сите прашања во врска со овој повик обратете се на smr.sojuz@gmail.com.